Број: 0302-75
01.04.2025 година
Велес

До
Сектор/одделение за Финансии / Локални даноци и такси / Ревизија

**Предмет: Покана за работилница**

Почитувани,

Продолжувајќи ја повеќе од дведецениската практика на организирање работилници од областа на локалните даноци и такси, како и следејќи ги актуелните и потребните активности кои треба да се спроведат во областа на локалните даноци и такси со цел обезбедување стабилно финансирање од сопствените извори на финансирање на единиците на локалната самоуправа, Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија со задоволство Ве поканува на работилницата на тема:

**„Даноци на имот – можности и предизвици при репроценката на имотот и присилната наплата“**

која ќе се одржи во хотел „Романтик“ – Велешко езеро на 11 Април 2025 година, со почеток во 9.30 часот, според приложената агенда.

Темите за работилницата се внимателно избрани и тие ги рефлектираат потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање. Работилницата е дизајнирана како интерактивен настан за размена на информации, добри практики, добивање насоки за постапување и одговори на повеќе отворени прашања, меѓу кои и:

- Утврдувањето и наплатата на даноците на имот и на комуналните такси;
- Репроценката на имотот;
- Присилната наплата на данок на имот;
- Роковите за плаќање на данок на имот
- Постапки за наплата на данок на имот.

Во рамките на работилницата ќе бидат презентирани практични примери од постапување на одредени единици на локалната самоуправа при репроценката на недвижниот имот како законска обврска, а исто така и со посебен акцент на позитивните ефекти од репроценката во контекст на обезбедувањето на стабилно општинско финансирање.

Постапките за наплата на данокот на имот и присилната наплата се области на кои е потребно да се посвети посебно внимание, како од аспект на обезбедување стабилно општинско финансирање, така и од аспект на применувањето и почитувањето на даночните принципи.

Учесниците на работилницата ќе имаат можност да поставуваат прашања, да добиваат одговори и насокои за постапување.

Обезбедените квалитетни експерти - практичари, **м-р Драган Каров**, вработен во Општина Штип и **дипл. екон. Ирена Станковска**, вработена во Општина Прилеп, со своето долгогодишно искуство во областа на администрирањето на локалните даноци и такси, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање / дискусија на работилницата и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Котизацијата за учество е задолжителна за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува: само **5.500,00 денари (со ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали, кафе пауза и ручек. За повеќе од две лица – учесници на работилницата, од иста институција, одобруваме попуст од 10% на вкупната сума за сите учесници.

Котизацијата за учество на работилницата можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

**Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата.**

Поради очекуваниот голем интерес за работилницата, а во функција на нејзино добро организирање, Ве молиме **најдоцна до 09.04.2025 година да го пријавите Вашето присуство** во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: zfrlsjpv@gmail.com kontakt_zfr@yahoo.com и Формуларот Пријавите за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/

За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 071/335-930, 076/265-136 или преку погоре наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
**м-р Зоран Јанкуловски**